Јавна установа
Institucioni publik
Дом на култура "КОЧО РАЦИН"
Shtëpia e kulturës "KOÇO RACIN"
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë
Број.Numër 03 – 34/2
Дата/data 06. 02. 2019

# ЈАВЕН ПОВИК

ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин" –Скопје, објавува Јавен повик за финансирање проекти и активности од областа на визуелните уметности.Сите заинтересирани може да поднесат предлози за поддршка на професионални, аматарески или младински проекти, манифестации и активности од областите: визуелни уметности, дизајн и архитектура и уметност на новите медиуми. Заинтересираните можат да се пријават и за реализирање на самостојни изложби на слики,скулптури,графики, цртежи, фотографии,керамика,моден дизајн, дизајн на ентериер, и друго. Предлози можат да се доставуваат и за реализација на групни изложби на уметници, студенти по уметност, изложби од ликовни колонии, изложби кои вклучуваат презентации на ракотворби, но и изложби кои вклучуваат примена на современи дигитални техники, инсталации, мултимедијални перформанси и други форми со тема по избор.Овој Јавен повик овозможува финансирање на определен број проекти, целосно или делумно, локална, регионална и меѓународна соработка професионална,аматерска и младинска.Право на учество имаат уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија. Покрај наведените специфични области, поднесените пријави треба да ги исполнуваат целите и критериумите за избор на проекти од областа на културата од интрес на Град Скопје кои се дадени во прилог на Јавниот повик објавен на официјалната веб-станицата на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин" - Скопје или на веб-страницата на ЈУ Домот на култура „Кочо Рацин" Скопје, http://www.dk-kocoracin.org.mk/. Јавниот повик ќе трае10 дена почнувајќи од 07.02.2019

Дополнителни информации може да се добијат на телефоните: 02 3163 739, 071 232 706 и на електронската адреса.

dk.kocoracin@gmail.com violetaelizabeta@gmail.com

Со почит,

Директор

Сафет Камбери